# НОВИ НАТПИСИ ВО ОХРИД И ОХРИДСКО

*Охрид — црква Св. Софија*

1. Почесен споменик, база од сивкав варовик еднакво профилиран од трите страни, а од четвртата, задната, грубо изделкан. Од долу нерамно откршен, горниот дел одлушнат, само од една страна сочуван, е дел од профилот. Предната страна во висина на натписот добро е сочувана. Бил употребен како камен за градење и поставен за ивичник на еден од прозорците во јужната трансепта на црквата Св. Софија. Најден е во 1953 година кога се изведуваа реставраторските работи на јужниот ѕид од истата. Споменикот се чува во депото на црквата.



Сл. 1

Димензии: висина 67 см, ширина 42 см и дебелина 40 см.

Ἀγαθῇ τύχῃ
τὸν μέγιστον καὶ
ϑ[ε]ιότατον αὐτοκρά-
[τ]ορα Μάρκον Ἀντώ-
νιον Γορδιανὸν
εὐσεβῆ εὐτυχῆ σε-
βαστὸν Δασσα-
ρήτιοι

Висина на буквите во I, II, VII и во VIII ред се по 3 см, а во III, IV, V и VI ред се по 3,5 см.

Споменикот е подигнат од Дасаретите[1]), во чест на императорот Гордијан III.

---

[1]) Во Охрид се најдени уште два натписа во кои се споменуваат Дасаретите, првиот е публикуван од Димица во неговата книга Ἡ ΜΑ-

2. Надгробна плоча, од бел ситнозрнест мермер, осетно оштетена од горната и долната страна. Најдена е во 1938 година во лозјето на Боро Фортомар во месноста „Пансир“ или „Св. Стефан“[2]). Во 1951 година подарен е од сопственикот на Народниот музеј — Охрид (инв. број 8).

Димензии: висина 46 см, ширина 24,5 см и дебелина 4,5 см.

Во вдлабнатото правоаголно релјефно поле, кое го зафаќа поголемиот дел од висината на споменикот има биста на човек дадена *en face*. Од лицето е сочуван само долниот дел: мустаќите, устата и брадата, со нагласен висок врат. Облечен е во туника и горна облека која е префрлена преку двете рамења. Од рамењата на горе се формира рам чија панделка е широка 2 см и косо се спушта на фонот. Под натписот врезани се два срцевидни листа, кои висат на едно заедничко гранче.



Сл. 2

Σεβηρῖνος
Μουλίων 'ἐν-
θάδε κεῖτ[αι]

Висина на буквите е 2,5 см и подеднаква во сите редови. Буквите „ο“ и „ϑ“ имаат ромбоидна форма, а буквата „ω“ врезана е во форма на W.

*Манастир Св. Наум*

3. Надгробен споменик — база од јадрозрнест бел, жолтикаво оксидиран мермер, еднакво профилиран од трите страни, а од четвртата, задната, грубо изделкан; предната

КЕΔΟΝΙΑ на страна 371 број 330 и од Вулиќ во спомеиникот на САН LXXI број 263; вториот натпис публикован е исто од Н. Вулиќ во спомеиникот на САН LXXV број 177.

[2]) М. Грбиќ, Археолошки наоѓалишта во Македонија, Гласник на Музејско-конзерваторското друштво на НРМ, страна 119.

страна горе завршува со акротерии. На горната хоризонтална страна, точно во средината, вдлабната е округла дупка во пречник од 5 см. Споменикот је доста добро сочуван. Најден е во април 1954 година во дворот на пограничната караула крај манастирот Св. Наум, а во август истата година пренесен е во Народниот музеј — Охрид (инв. број 11).



Сл. 3

Димензији: висина 88 см, ширина 38 см и дебелина 36 см.

Τίς τίνος οὖσε (= οὖσα) γυ-
νὴ Συβάρη ὑβο (= ὑπὸ)κίονα
κισε (= κεῖσαι)ἀνθοῦσα; Δρυπε-
τέος Λεννάτου τοῦ Δά-
ζου γυνὴ γέγονα, κατα-
λ(ε)ίπω δοίω (= δύο) τέκνα
ἄρσενα ἐτῶν κτ
θῆλυ δὲ ὀκταε[τῆ]
κὲ (= καὶ) σοὶ, παροδῖτα,
πάντα τύχη (= τύχῃ) τἀ-
γαθά.

Висината на буквите варира од 18 до 28 мм. Карактеристично е што сите редови отпочнуваат со јадри букви, а кон крајот се смалуваат.

Во натписот се забележуваат лигатури само во третиот ред, легирани се буквите 8—9 (ου) и 13—14 (ρυ). Легираното „О" е вдлабнато сосем ситно во меѓуредниот простор од вториот и третиот ред, а легираното „ρ" е повисоко од останатите букви во редот.

Во шестиот ред во зборот δύο место простиот вокал „υ" употребен е дифтонгот „οι"[3]), а на место кусиот вокал „ο" употребен е долгиот „ω"[4]). Упростување на дифтонзите αι и ει во прости вокали ε и ι имаме во следните зборови: во третиот ред зборот κεῖσαι напишан е κισε, во шестиот ред λείπω од зборот καταλείπω напишан е λίπο[5]) Во десеттиот ред ῃ во зборот τύχῃ напишана е без јота

[3]) В. Р. Марић, Грчки језик античких становника Јужне Србије, Гласник Скопског научног друштва XV—XVI, Скопље 1936, стр. 299 (10).

[4]) В. Р. Марић, op. cit., стр. 298 (1).

[5]) В. Р. Марић, op. cit., стр. 299 (12).

субскриптум[6]). Во првиот ред во зборот οὕσα крајното „α“ заменето е со „ε“, а во вториот ред во зборот ὑπό буквата „π“ е заменета со „β“.

*с. Требеништe — Требенишко Кале*

4. Надгробна плоча од ситнозрнест бел, жолтикаво оксидиран мермер, која во горниот дел има квадратно релјефно поле, а под него натпис во два реда; скршена е на три парчиња од кои најмалото е изгубено. Најдена е во 1937/38 година од Спасе Иваноски од с. Горенци кога раскопувал гробови во некрополата на Требенишкото Кале, источно од селото Требениште. Од местото кај што била најдена плочата, делот со натписот го однесол Александар Бицев, а делот со релјефот Ислам Бељур од с. Горенци, кај кои во 1938 година ги видел Н. Вулиќ и ги опишал[7]), а од истите во 1952 година ги откупи Народниот музеј — Охрид (инв. број А—1).

Димензии: висина 70 см, ширина 35 см и дебелина 7 см.

На релјефното поле претставени се во плиток релјеф две човешки фигури, преден дел од коњ и половина колце од борна кола, чии долни делови скршени и деломично сочувани, се наоѓаат на другиот дел. Првата човешка фигура дадена е *en face* и многу повисока од втората; на главата има шлем со перјаница; облечена е во кус хитон над кој има оклоп, а над оклопот преку двете рамења назад префрлен химатион. Со десната рака држи исправено копје, а со левата полуспуштен меч. На нозете



Сл. 4

[6]) В. Р. Марић, op. cit., стр. 299 (11).

[7]) Н. Вулић, Споменик САН XCVIII, број 270.

не се гледа што носи бидејќи тука е оштетен споменикот. Предниот дел од коњот пластично добро е претставен, останатиот дел му го покрива втората фигура, десната предна нога му е подигната над земјата, а со главата е обрнат кон човекот кој го држи коњот за уздата. Втората човешка фигура дадена е гологлава, а облечена во кус потпашан хитон, со главата обрната кон коњот што го држи со десната рака, а левата рака му е заклонета од колцето. На колцето е дадена само едната половина, висока речиси колку втората фигура; на истото пластично е претставен лавров венец, а од центарот кон тетивата водорамно е даден сноп од зракови кој кон крајот постепено се шири. Релјефното поле од двете страни и од горната ивица заградено е со рам во вид на тесна панделка која е широка 2 см; под самото релјефно поле врезан е двореден натпис.



Сл. 5

Ἀμύντας Ἀλεξάνδρου
χαῖρε

Висината на буквите варира од 1,8 до 2 см. Во првиот ред претпоследната буква „О“ е многу помала од другите.

*Охрид — црква*
*Богородица Челница*

5. Надгробен споменик — база од сивкав варовик горе и долу од трите страни профилирана, а од четвртата, задната, грубо изделкана. Долното ќоше е од предната десна страна откршено и изгубено, а предната страна на која е натписот доста е излижана. На горниот дел од трите страни има калкан, а во средината на калканот има диск. На горната хоризонтална страна во средината е издлабена дупка во пречник 14 см, длабока 4,5 см. Крајот од истата страна на задниот дел во целата ширина е отсечен во ширина од 6 и длабина од 4 см. Најден е во 1949 година во дворот на црквата Бого-

родица Челница, од кај што е' пренесен во 1951 година во Народниот музеј — Охрид (инв. број 16).

Димензии: висина 87 см, ширина 35 см и дебелина 35 см.

D(is) M(anibus) S(acrum)
M(arco) Ulpio Candi-
do e[v]oca[t]o Aug(usti)
M(arcus) Ulpius Massac
patrono bene
merenti

Висината на буквите во првиот ред кој е испишан на основата од калканот е 3,5 см, а во останатите редови таа варира од 2,8 до 3 см. Во вториот ред втората буква „О" и крајната „G" се напишани многу поситни.

Споменикот е подигнат од некој ослободен роб, во знак на благодарност кон својот патрон покојник, кој имал должност на евокат во една војна единица[8]).

*Охрид.* *В. Лахтов*).*

---


## RÉSUMÉ

### V. Lahtov: NOUVELLES INSCRIPTIONS D'OHRID ET DE SES ENVIRONS

Dans cet article sont publiées 5 nouvelles inscriptions dont 4 en grec et 1 en latin, qui se trouvent actuellement dans le Musée National d'Ohrid. Elles ont été découvertes au cours des dernières années à Ohrid et dans ses plus proches environs. L'inscription № 1 a été découverte en 1953 dans l'église de Ste Sophie — Ohrid; l'inscription № 2 a été découverte en 1938 dans la vigne de Boro Fortomar à l'endroit nommé „Panzir" ou „Sveti Stefan" 5 km au sud d'Ohrid; l'inscription № 3 a été découverte en 1954 dans la cour du poste de frontière à Sveti Naum; l'inscription № 4 a été découverte en 1937/38 à l'endroit nommé „Trebeniško Kale" aux environs d'Ohrid; l'inscription № 5 a été découverte dans la cour de l'église „Bogorodica Čelnica" à Ohrid.

Toutes ces inscriptions sont d'un caractère privé sauf l'inscription № 1 qui a été érigée en l'honneur de l'empereur Gordien III par les Dassarètes en 238 de notre ère.


---

[8]) I. V. Ruggiero, Dizionario epigrafico, s. v. Evocatio.

*) Сметам за своја должност, и од ова место да им ја искажам својата благодарност на проф. д-р М. Д. Петрушевски, д-р Б. Габричевиќ и Борка Јосифовска за укажаната помош и за дадените совети во врска со расчитувањето и обработката на овие споменици.